# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod @yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **23. 12 .2014 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 12 – 2014 год.** |

ДЕКЕМВРИ 2014

Врз основа на член 22 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ ,,бр.5/02) и чл.21. ст.1 од Статутот на Општина Македонски Брод (,,Службен гласник на Општина Македонски Брод“ 2/03) , Советот на Општина Македонски Брод на седница одржана на ден 19 декември 2014година , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТ НА МЛАДИ**

**НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**Член1**

Со оваа решение Советот на Општина Македонскио Брод именува членови на Советот на млади на општина Македонски Брод по предлог на Комисијата за мандатни прашања , избори и именувања **.**

**Член2**

За членови на Советот на млади на Општина Македонски Брод се именуваат:

- Влатко Стојаноски
- Илија Угриноски
- Кристина Димоска
- Александар Богатиноски
- Горан Дамчески

Советот на млади од своите редови избира претседател на советот ,со мандат од четири години без можност за повторен избор.

**Член 3**

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр.07 - 984 / 3**

**19.12.2014година**

**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**Претседател**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Решението за именување на членови на Совет на млади на Општина Македонски Брод**

Се прогласува **Решението за именување на членови на Совет на млади на Општина Македонски Брод ,** што го донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 19.12.2014 година.

**Бр.08- 984/12**
**23.12.2014година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по барање 07 - 989 од 17.12.2014 од ЈП „Водовод и канализација „-Македонски Брод ,Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 19 декември 2014 година

# О Д Л У К А

**за отстранување на објект (хлорна станица) и оттуѓување на градежна парцела на КП 3936 за КО Македонски Брод**

**Член 1**

Согласно оваа одлука се одобрува отстранување на започнат објект со градба (хлорна станица) на КП 3936 по доставено барање од ЈП „Водовод и канализација„ -Македонски Брод за отстраниување на недоизграден објект заради продажба на градежната парцела која е во сопственост на РМ.

**Член 2**

За спроведување на чл.1 од Одлуката се задолжува Градоначлалникот да спроведе оттуѓување на ГП на КП3936 со јавнно надање согласно законските прописи.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 984 / 4**
**19.12.2014година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски** с.р

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за отстранување на објект(хлорна станица) и оттуѓување на градежна парцела на КП3936 за КО Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за отстранување на објект(хлорна станица) и оттуѓување на градежна парцела на КП3936 за КО Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 19.12.2014 година.

**Бр.08- 984/12**
**23.12.2014година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р**

Врз основа на член член 50-а ст.1 и 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.51/05, бр.137/07, бр.91/09, бр.124/10, бр.18/11, бр.53/11, бр.144/12, бр.55/13, бр.163/13 и бр.42/14), член 22 став 1 и точките 1 и 4 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа на РМ (Сл.весник на РМ бр.05/02), и член 21 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03),Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 19 декември 2014 год. ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација на м.в. „Троскаица“ КО Сланско општина Македонски Брод**

1.Се утврдува потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација (во понатамошен текст:ЛУПД), на м.в.„Троскајца“општина Македонски Брод на КП бр.115, 116 ,117 и 118 запишани во ИЛ бр.261 за КО Сланско,на сопствено земјиште, по барање на Радивој Настески од Охрид, ул.Бул.„Туристичка“ бр.44-2/6 и Јове Настески од Кичево, ул.„4-ти Јули“ бр.1/3 за формирање на градежна парцела:А-4 времено сместување, Г-2 лесна и незагадувачка индустрија,Г-3 сервиси и Д зеленило,спорт и рекреација.

2 Радивој Настески од Охрид, ул.Бул.„Туристичка“ бр.44-2/6 и Јове Настески од Кичево, ул.„4-ти Јули“ бр.1/3 да изработат Локална урбанистичката планска документација за формирање на градежна парцела за изградба на објекти со класа на намена:А-4 времено сместување, Г-2 лесна и незагадувачка индустрија,Г-3 сервиси и Д зеленило,спорт и рекреација

3.Трошоците во постапката да ги поднесат барателите.

4.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

**Бр. 07 -984 / 5**
**19.12.2014 год.**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација на м.в „Троскаица„ КО Сланско Општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација на м.в „Троскаица„КО Сланско Општина Македонски Брод** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 19.12.2014 година.

**Бр.08- 984/12**
**23.12.2014година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р**

Врз основа на член член 50-а ст.1 и 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.51/05, бр.137/07, бр.91/09, бр.124/10, бр.18/11, бр.53/11, бр.144/12, бр.55/13, бр.163/13 и бр.42/14), член 22 став 1 и точките 1 и 4 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа на РМ (Сл.весник на РМ бр.05/02), и член 21 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03),Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 19.`12. 2014 год. ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс за експлоатација на минерални суровини-варовникк на локалитетот „Долги Рид" КО Суви Дол општина Македонски Брод**

1.Се утврдува потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација (во понатамошен текст:ЛУПД), за експлоатација на минерални суровини ,варовник-доломит на КП бр.368/3, 371/1 и 371/2 за КО Суви Дол, на локалитет „Долги Рид" КО Суви Дол општина Македонски Брод, за потребите на „ХАБИ-ГРАДБА"- ДООЕЛ од с.Дебреште за формирање на градежна парцела:Г-2 лесна и незагадувачка индустрија за изградба на стопански комплекс за експлоатација на минерални суровини -варовник.

2.„ХАБИ-ГРАДБА"- ДООЕЛ од с.Дебреште да изработи Локална урбанистичката планска документација за изградба на стопански комплекс за експлоатација минерални суровини -варовник.

3.Трошоците во постапката да ги поднеси барателот.

4.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

**Бр. 07 – 984 /6**
**19.12. 2014 год.**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски** с.р

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс за експлоатација на минарални суровини-варовник на локалитетот „Долги рид „ КО Сувидол**

Се прогласува **Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс за експлоатација на минарални суровини-варовник на локалитетот „Долги рид„ КО Сувидол** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 19.12.2014 година.

**Бр.08- 984/12**
**23.12.2014година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.Гласник бр. 2/2003), по поднесеното барање од Радески Вукашин бр.07- 983 од Македонски Брод , Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 19 декември 2014 година

# О Д Л У К А

**За исплата на финансиски средства за изградба на потпорен ѕид**

**на ул.Песјак Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува исплата на финансиски средства за 15 вреќи цемент по 360 денари во противвредност од МКД за изградба на потпорен ѕид на ул Песјак во Македонски Брод.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да обезбеди финансиски средства за 15 вреќи цемент по 360 денари за да се исплатат на барателот за изградба на потпорен ѕид на ул,Песјак Македонски Брод..

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод".

**Број 07- 984 /7**
**19.12.2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од  Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на  Одлуката за  исплата на финансиски средства за изградба на потпорен ѕид на ул.Песјак –Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за  исплата на финансиски средства за изградба на потпорен ѕид на ул.Песјак –Македонски Брод ,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана  на ден 19.12.2014 година.

**Бр.08- 984/12**
**23.12.2014година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р**

Врз основа на  член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.58/2002) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на општинаМакедонски Брод бр./2003), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 19 декември 2014 година,донесе

**О Д Л У К А**

**За висина на надоместокот на услуги во градски гробишта –Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука се потврдува одлуката на Управниот одбор на ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод за висина на надоместокот на услуги во градски гробишта –Македонски Брод бр.02-322/3 од 31.10.2014 година , со тоа што чл.3 се дополнува со зборовите „ и 50% од погребалните услуги„ на барателите да им ги надомести ЈП„Водовод и канализација„( за тие редовно што плаќаат надоместок за одржување на градските гробишта).

**Член 2**

Се задолжува ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод да ја применува одлуката на Управниот одбор на ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод за висина на надоместокот на услуги во градски гробишта –Македонски Бросо бр.02-322/3 од 31.10.2014 година со дополната од чл.1 од оваа одлука .

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр. 07 - 984 /8**
**19.12. 2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за висината на надоместокот на услуги во градски гробишта –Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за висината на надоместокот на услуги во градски гробишта –Македонски Брод** , што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 19.12.2014 година.

**Бр.08- 984/12**
**23.12.2014година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) , член 67 ст.6 од Закон за заштита на децата (Сл.Весник 23/13,12/14 ,44/14 и 144/14) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање 07 - 985 од 17.12.2014 од ОУДГ„ 7ми септември„-Македонски Брод ,Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 19 декември 2014 година донесе

# О Д Л У К А

**за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ„7 $^{ми}$ септември„ Македонски Брод**

**Член 1**

Согласно оваа одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ„7 ми септември„ -Македонски Брод од $6^{00}$ до $18^{00}$ часот во рамките на 40 часовна работна недела на вработените.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 984 /9**
**19.12.2014година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ„7ми Септември„–Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ„7ми Септември„–Македонски Брод** , што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 19.12.2014 година.

**Бр.08- 984/12**
**23.12.2014година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 19 декември 2014 година донесе

# О Д Л У К А

**за учество во Стопански Регистар - Мултилатерала ЦППП –Белград согласно одредбите на ЦЕФТА договорот потпишан од РМ**

**Член 1**

Согласно оваа одлука се задолжува Градоначалникот на Општина Македонски Брод за потпишување на Договор помеѓу општина Македонски Брод од една страна и Мултилатерала ЦППП Привредни Регистар-Београд во согласност со договор на ЦЕФТА 2014/15 година потпишан од РМ ..

**Член 2**

Согласно овој договор локалната самоуправа треба да уплати членство во износ од 280 евра а со уплатата од чланарината општината ќе има можност и право на учество во регионалната мрежа за регионални проекти, конференции , советувања и др.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 984 /10**
**19.12.2014година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за учество во Стопански регистар – Мултилатерала ЦППП-Београд согласно одредбите на ЦЕФТА договорот потпишан од РМ**

Се прогласува **Одлуката за учество во Стопански регистар – Мултилатерала ЦППП-Београд согласно одредбите на ЦЕФТА договорот потпишан од РМ ,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 19.12.2014 година.

**Бр.08- 984/12**
**23.12.2014година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р**

На барање на Основачите на Спортското Друштво во Македонски Брод , Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 19 .12. 2014 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

1.Советот на Општина Македонски Брод дава согласност на Спортското Друштво осинвано од група млади ентузијазисти да го носи името Спортско Друштво„Македонски Брод 2014„ со седиште во Македонски Брод.

2.Оваа одлука да се достави до основачите на Спортското Друштво во Македонски Брод.

3.Оваа одлука влегува во сила веднаш со денот на нејзиното донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 984 /11**
**19.12.2014година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за давање на согласност за користење на името „Македонски Брод„ за спортско друштво**

Се прогласува **Одлуката за давање на согласност за користење на името „Македонски Брод„ за спортско друштво** , што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 19.12.2014 година.

**Бр.08- 984/12**
**23.12.2014година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р**

**Службен гласник број 12 од 23.12.2014 година Совет на општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А

Решение за именување на членови на Совет на млади на Општина Македонски Брод....................стр.2

Заклучок за Прогласување на Решение за именување на членови на Совет на млади на Општина Македонски Брод....................стр.3

Одлука за отстранување на објект (хлорна станица) и оттуѓување на градежна парцела на КП3936 за КО Македонски Брод....................стр.4

Заклучок за прогласување на Одлука за отстранување на објект (хлорна станица) и оттуѓување на градежна парцела на КП3936 за КО Македонски Брод....................стр.5

Одлука за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација на м.в „Троскаица„ КО Сланско Општина Македонски Брод....................стр.6

Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација на м.в „Троскаица„ КО Сланско Општина Македонски Брод....................стр.7

Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална планска урбанистичка документација за изградба на стопански комплекс за експлоатација на минерални суровини–варовник на локалитетот „Долги Рид „ КО Суви дол Општина Македонски Брод....................стр.8

Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална планска урбанистичка документација за изградба на стопански комплекс за експлоатација на минерални суровини–варовник на локалитетот „Долги Рид „ КО Суви дол Општина МакедонскиБрод....................стр.9

Одлука за исплата на финансиски средства за изградба на потпорен ѕид на ул.Песјак Македонски Брод....................стр.10

Заклучок за прогласување на Одлука за исплата на финансиски средства за изградба на потпорен ѕид на ул.Песјак Македонски Брод....................стр.11

Одлука за висина на надоместокот на услуги во градски гробишта – Македонски Брод....................стр.12

Заклучок за прогласување на Одлуката за висина на надоместокот на услуги во градски гробишта – Македонски Брод..........................................................................................стр.13

Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работно време на ОЈУДГ„7 ми септември „ Македонски Брод..........................................................................................стр.14

Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работно време на ОЈУДГ„7 ми септември „ Македонски Брод..................................стр.15

Одлука за учество во Стопански Регистар –Мултилатерала ЦППП-Београд согласно одредбите на ЦЕФТА договорот потпишан од РМ.........................................................стр.16

Заклучок за прогласување на Одлуката за учество во Стопански Регистар –Мултилатерала ЦППП-Београд согласно одредбите на ЦЕФТА договорот потпишан од РМ..............стр.17

Одлука за давање на согласност за користење на името „Македонски Брод„ за Спортско Друштво...........................................................................................................стр.18

Заклучок за прогласување на Одлуката за давање на согласност за користење на името „Македонски Брод„ за Спортско Друштво.....................................................................стр.19